**20151764834**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 и член 47 став (2) од Законот за електронските комуникации (“Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014,188/2014 и 44/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 7.10.2015 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ЖИГОТ ЗА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на жигот за запечатување на просториите во кои се сместени комуникациските средства и опрема или комуникациските средства и опрема со чије работење е направена повреда на одредбите на Законот за електронските комуникации.

Член 2

(1) Жигот за запечатување од членот 1 на овој правилник има кружен облик на кој во полукружна форма е втиснат следниот текст: “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ“, а во средината е втиснат заштитниот знак на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Жигот за запечатување од членот 1 на овој правилник е изработен од метал, со пречник од 25 мм, кој е прицврстен на дрвена рачка.

Член 3

Отисокот на жигот се втиснува на црвен течен восок.

Член 4

Образецот на жигот е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и формата на жигот за запечатување на просториите и/или комуникациските средства (“Службен весник на Република Македонија“ број 53/2005 и 92/2012).

(2) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0201-2579/8
7 октомври 2015 година
Скопје

Директор,
**Роберт Орданоски,** с.р.

# ОБРАЗЕЦ НА ЖИГОТ ЗА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ

